**20220670775**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЛИЧНАТА КАРТА (*)**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за личната карта (*),
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 16 март 2022 година.

Бр. 08-1272/1
16 март 2022 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЛИЧНАТА КАРТА (*)

Член 1

Во Законот за личната карта („Службен весник на Република Македонија“ број 8/95, 38/2002, 16/2004, 12/2005, 19/2007, 10/10, 51/11, 13/12, 166/12, 154/15 и 55/16), во член 4 во ставот 1 по зборот „лично“ се додаваат зборовите: „или со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.“.

Ставот 4 се менува и гласи:

„Со земањето податоци за биометриските карактеристики граѓанинот ја поднесува и личната карта чиј рок на важење е истечен, оштетената лична карта, дотраената лична карта што не може да служи на својата намена или друга лична исправа од која може да се утврди идентитетот на граѓанинот.“.

Член 2

Во член 6 ставот 1 се менува и гласи:

„Во постапката по барањето за издавање на лична карта, од подносителот на барањето задолжително лично се земаат податоци за неговите биометриски карактеристики, заради утврдување на неговиот идентитет.“.

---

* Со овој закон се врши усогласување со Регулативата (ЕУ) бр. 910/2014 на Европскиот парламент и на Советот од 23 јули 2014 година за електронска идентификација и доверливи услуги за електронски трансакции на внатрешниот пазар и за укинување на Директива 1999/93/ЕЗ, CELEX бр.: 32014R0910

Член 3

Во член 7-а по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Барањето од надлежниот суд од ставот 1 на овој член, во форма на електронски документ може да се достави и преку Националната платформа за интероперабилност. Во случај на технички прекин на функционалноста на Националната платформа за интероперабилност, барањето се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава до електронската адреса на Министерството за внатрешни работи, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.“.

По ставот 2 кој станува став 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Жалбата од ставот 3 на овој член може да се поднесе и со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.“.

Во ставот 3 кој станува став 5 зборовите: „ставот 2“ се заменуваат со зборовите: „ставот 3“.

Член 4

Во член 7-б ставот 1 се менува и гласи:

„За сите факти кои за последица имаат престанување на причините за забрана на употреба на личната карта за преминување на државната граница, надлежниот суд веднаш по службена должност го известува Министерството за внатрешни работи преку Националната платформа за интероперабилност во реално време, а најдоцна во рок од три дена од денот на престанување на причините за забрана на употреба на личната карта за преминување на државната граница. Во случај на технички прекин на функционалноста на Националната платформа за интероперабилност, известувањето се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава до електронската адреса на Министерството за внатрешни работи во реално време, а најдоцна во рок од три дена од денот на техничкиот прекин на функционалноста на Националната платформа за интероперабилност, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.“.

По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Барањето од ставот 3 на овој член може да се поднесе и со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.“.

Член 5

Во член 11 во ставот 1 втората реченица се менува и гласи:

„Доказот го прибавува Министерството за внатрешни работи по службена должност преку Националната платформа за интероперабилност, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.“.

Член 6

Во член 12 ставот 1 се менува и гласи:

„Министерството за внатрешни работи во рок од 15 дена од денот на земање на податоци за биометриските карактеристики од членот 6 од овој закон, ќе му издаде лична карта на граѓанинот.“.

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Жалбата од ставот 2 на овој член може да се поднесе и со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.“.

Ставот 3 станува став 4.

Член 7

Подзаконските прописи донесени врз основа на Законот за личната карта („Службен весник на Република Македонија“ број 8/95, 38/2002, 16/2004, 12/2005, 19/2007, 10/10, 51/11, 13/12, 166/12, 154/15 и 55/16), ќе се усогласат со одредбите од овој закон во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 8

Овој закон престанува да важи со денот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2023 година.